**20242624565**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 став (1) од Законот за рамномерен регионален развој (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21, 174/21 и 241/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 декември 2024 година донесе

## ОДЛУКА ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА РАЗВИЕНОСТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2024 ГОДИНА ДО 2028 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува класификација на планските региони во Република Северна Македонија според степенот на развиеност за периодот од 2024 година до 2028 година.

Член 2

Класификацијата на планските региони според степенот на развиеност за периодот од 2024 година до 2028 година, е следна:

| Плански регион | Развоен индекс | Економско-социјален индекс | Демографски индекс |
|---|---|---|---|
| Вардарски | 135.9 | 142.1 | 129.7 |
| Источен | 138.5 | 156.6 | 120.5 |
| Југозападен | 149.8 | 158.6 | 140.9 |
| Југоисточен | 144.1 | 168.7 | 119.5 |
| Пелагониски | 139.1 | 148.0 | 130.2 |
| Полошки | 150.3 | 122.6 | 178.1 |
| Североисточен | 136.1 | 119.5 | 152.7 |
| Скопски | 190.0 | 190.8 | 189.2 |

Член 3

Учеството на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони во периодот од 2024 година до 2028 година, согласно извршената класификација во член 2 од оваа одлука, е следно:

| Плански регион | Процент за распределба по региони |
|---|---|
| Вардарски | 15.4 |
| Источен | 14.3 |
| Југозападен | 11.1 |
| Југоисточен | 12.5 |
| Пелагониски | 14.1 |
| Полошки | 11.0 |
| Североисточен | 15.3 |
| Скопски | 6.1 |

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-12782/10
17 декември 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.